# ИЗВЕШТАЈ ОД VII КОНГРЕС НА СТОМАТОЛОЗИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

(Мостар 1980 г.)

Во почетокот на месец октомври од (8 — 11) оваа година во Задар, под покровителство на Претседателството на СР Хрватска, во еден од најинтересните приморски градови, полн со прекрасни историски знаменитости, сврзани за бурното далечно и блиско минато на нашите народи и народности, се одржа VII конгрес на стоматолозите на Југославија.

На конгресот, покрај 2000 стоматолози и претставници на општествената заедница, присуствуваа и еминентни гости од странство, кои својот виден придонес го дадоа со излагањето на своите научни и стручни трудови.

Главната тема на конгресот ни ја презентираше општествено-економската положба на стоматологот. По неа, како и придружните кореферати, плодно се разви адекватна дискусија во текот на цело попладне.

Стручниот дел беше застапен со презентирање на над 360 реферати од сите домени на стоматолошката наука.Аради големиот број на реферати, како новина на конгресот беше за прв пат организирано презентирањето на достигањата по пат на постер изложби.

Проблематиките изнесени на поедини состаноци по разните гранки на стоматолошката дејност беа многу различни. Беа прикажани трудови кои спаѓаат во врвот на доистигнувањата на современата наука од нашата област, со употреба на супер современи лабораториско дијагностички и современи технолошки достигања, но и трудови од и со значење за секојдневната казуистика.

VII конгрес на стоматолозите во Задар, нѐ збогати и со обемна општествена активност. Беа организирани многу состаноци кои дадоа виден придонес во организацијата на поедини секции. Одржан е I конгрес на оралните хирурзи на Југославија

со стручен и организационен дел, основачко собрание на Здружението за Болести на устатаи забите на Југославија, формирано е Здружение за детска и превентивна стоматологија, одржан е II состанок на Здружението на протетичарите на Југославија, каде беше прифатена организацијата на конгресот на протетичарите од Европа.

Конгресот беше збогатен и со прикажување на експонати од странски фирми и производители на опрема и лекарства за стоматолошката практика. Можеме со задоволство да се гордееме со видните, крупни достигања кои ги прави и нашата, југословенска индустрија со своите производи наменети за употреба во услови на амбулантно-поликлиничките и стационарни дејности.

Со големо интересирање ја проследивме изложбата на нашите колеги стоматолози уметници. Тие со своите експонати ни презентираа една широка палета на несекојдневни уметнички творби.

Културно-забавниот живот се одвиваше организирано со посети на музеите во Задар, театарски претстави наменети за учесниците на конгресот, презентирање на богатиот далматински мелос во изведба на културно-уметнички друштва и задолжителна другарска вечер.

Беа планирани и организирани и многу прекрасни излети кон рустикалната заднина на Задарската ривиера, но лошото време имаше влијание дел од нив да не се исполни.

Сепак, VII конгрес на стоматолозите на Југославија го даде својот придонес во презентирањето на достигнувањата и забрзаното чекорење напред во сите гранки на стоматологијата, во подоброто заедно запознавање и продлабочување на братството и единството на нашите народи.

Проф. д-р М. Филјански

## ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА, ОДБРАНЕТА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Докторската дисертација на д-р Марија Накова под наслов „ПРОЦЕНА НА МЕТАБОЛНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГИНГИВАЛНО ТКИВО ОД ПАЦИЕНТИ СО ПРОГРЕСИВНА ПАРОДОНТОПАТИЈА ПРЕКУ СЛЕДЕЊЕ НА ВГРАДУВАЊЕТО НА МАРКИРАНИ АМИНОКИСЕЛИНИ И ХИАЛУРОНИДАЗНАТА АКТИВНОСТ" е изнесена на 169 чукани страници, илустрирана е со 20 фотографии, 49 табели и 39 графикони, а во библиографијата се наведени 258 автори.

Основната цел на дисертацијата е проследувањето на метаболизмот на гингивата кај пациенти со прогресивна пародонтопатија, посебно на колагенот ,како основен и мошне важен елемент на сите потпорни ткива. Во таа смисла, следено е вградувањето на десет маркирани аминокиселини во биоптичниот материјал, земен од 151 болен и 63 здрави лица.

Понатаму, цел на работата е и проверка на метаболните нарушувања во гингивата на 80 стаорци со експериментална „пародонтопатија" предизвикана со субмукозна апликација на хиалуронидаза.

Активноста на хиалуронидазата е одредувана во саливата, плазмата и гингивата. Пациентите се групирани по клинички стадиуми, а добиените резултати се компарирани со тие по завршената терапија на болните.

Врз база на своите наоди, авторот заклучува дека е намалена инкорпорацијата на сите користени аминокиселини во гингивата на болните од прогресивна пародонтопатија, посебно таа на пролинот, хидроксипролинот и глицинот. Истата е пропорционална со клиничкиот стадиум на болеста. По спроведувањето на терапијата, вградувањето на сите аминокиселини се зголемува.

Активноста на хиалуронидазата е зголемена, но евидентно е нејзиното приближување до нормалните вредности по успешната терапија.

Нивото на инкорпорација на маркираните аминокиселини во гингивата од стаорци со експериментална пародонтопатија е исто така намалено.

Горните констатации го наведуваат авторот сумарно да заклучи дека пропорционалниот сооднос помеѓу зголемената активност на хиалуронидазата и намаленото вградување на маркираните аминокиселини во гингивата на болни од пародонтална болест и стаорци со експериментална пародонтопатија е уште една потврда за учеството на хиалуронидазата во етиопатогенезата на прогресивната пародонтопатија.

Докторската дисертација на д-р Марија Накова претставува оригинален придонес во расветлувањето на сложените патогенетски механизми на пародонталната болест.

**Про. д-р Б. Лазаревска**

## ОДБРАНИЛЕ ХАБИЛИТАЦИОНИ ТРУДОВИ:

**Асист. д-р Олга Серафимова, хабилитационен труд: „Клиничка евалуација на основните карактеристики и методи на лекување на идиопатската невралгија на нервус тригеминус"**

**Асист. д-р Југослав Стефановски, хабилитационен труд: „Клинички-рентгенотошки и гнатодинамометриски вредности при хирушко лекување на заби со хронични периапикални процеси на горната вилица"**

## КОНГРЕСЕН КАЛЕНДАР

1. **Тринаесетти европски Конгрес за едукација на стоматологијата** (22 фев. — 7 март 1981) Давос, Швајцарија
   Информации: Dr. Freier Verband, Rheinallee 55, D-5300 Bonn 2, Fed. Rep. German

2. **Интернационален конгрес за „комбиниран ортодонтски и хируршки третман на максилофацијалните деформитети“**
   (18 — 20 мај, 1981) Хаг, Холандија
   Информации: Dutch Society of Oral and Maxillofacial Surgery, Hague, Netherlands

3. **Десетти Азија-Пацифик стоматолошки конгрес**
   (26 — 31 март, 1981) Сингапур
   Информации: Secretary General, Singapore Dental Association, 4A College Road, Singapore 0316

4. **Интернационален стоматолошки конгрес на Здружението на стоматолозите од Египет**
   (14 — 16 април, 1981) Каиро, Египет
   Информации: Dr. M. Amin, 42 Kasr El-Aini Street, Cairo Egypt

5. **Четврти интернационален конгрес за расцепите на палатумот и соодветни краниофацијални аномалии**
   (3 — 8 мај, 1981) Акапулко, Мексико
   Информации: General Secretariat, Cerrada de Popocatepetl, 15 — A Mexico 13, D. F. Mexico

6. **Прв генерален состанок на Интернационалниот сојуз на оралните патолози**
   (1 — 4 јуни, 1981) Гетенбург, Шведска
   Информации: Dr. Guy Heyden, P. O. Box 33070, S—400, Gotenburg, Sweden

7. **Интернационална конференција за периодонталното истражување**
   (21 — 24 јуни 1981) Ситл, Вашингтон, САД
   Информации: Dr. Roy C. Page, Director, Center for Research in Oral Biology, SM—42, University of Washington, Seattle, Wa 98195, U. S. A.

8. **Осми интернационален симпозиум за оралната хигиена**
   (28 — 31 јули 1981) Брајтон, Велика Британија
   Информации: Symposium Organiser, Conference Clearway LTI, Conference House, 9 Pavillon Parade, Brighton, Sussex, BN2 IRA, Unit. Kingdom